Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 18.04.2020

На 17.04.2020 во с.Сарај е лишен од слобода А.Љ.(40) од с.Грчец, кој се барал по централна потерница во врска со чл.396 од Кривичниот законик. На А.Љ. му е определена мерка притвор и спроведен е во Казнено-поправна установа „Затвор Скопје".

На 17.04.2020 во 15.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачје на Гази Баба ги лишиле од слобода Д.А.(32) од с.Петровец, скопско, и А.Ј.(32) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана и нож. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.04.2020 во 15.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Шарпланинска" го лишиле од слобода Д.Т.(22) од с.Ново Село, скопско, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.04.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Побожје, скопско, за време на забрана за движење, го лишиле од слобода З.К.(34) од с.Кучевиште, скопско, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени предмети за кои постои основано сомнение дека потекнуваат од кривично дело „кражба". По документирање на случајот, против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 17.04.2020 во 09.10 часот на ул.,,Александар Македонски" во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „томос", без регистарски ознаки, управуван од Ч.К.(69) од Прилеп и патничко возило „опел корса", со прилепски регистарски ознаки, управувано од В.Ц.(38) од Прилеп. По незгодата, Ч.К. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од Одделение за внатрешни работи Прилеп.

На 17.04.2020 околу 16.00 часот е пријавено дека на сретсело во с. Студеничани, во близина на Општина Студеничани, по претходна вербална расправија, А.Ш.(28) од с.Студеничани, кој бил со патничко возило „рено", од возилото испукал еден проектил од пиштол кон возило „ауди", во кое биле А.Р.(21) и Б.А.(27), и двајцата од с.Студеничани, а непосредно до возилото стоеле и И.И.(44) и таткото на сторителот, А.Ш.(55). Од проектилот скршени се двете задни странични стакла од патничкото возило „ауди". Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 15.54 часот на ул.„1" во с.Ново Село, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фиат пунто", со скопски регистарски ознаки, управувано од полициски службеници од СВР Скопје и патничко возило „форд", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Г. (36) од Скопје, кој го напуштил местото на незгодата. По сообраќајната незгода, еден полициски службеник бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски", каде му биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 17.04.2020 околу 23.45 часот на магистралниот пат Градско - Прилеп, кај бензинска пумпа во с.Росоман, се случила сообраќајна незгода во која Г.С. (26) од с. Росоман, управувајќи патничко возило „ровер", со кавадаречки регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал од коловозот. Тој бил префрлен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Одделение за внатрешни работи Кавадарци.

На 17.04.2020 во 22.10 часот, полициски службеници од СВР Охрид, во координација со полициски службеници од Секторот за општ и насилен криминал во МВР, го пронајдоа Б.П.(33) од охридската населба Рача. Тој, на 16.04.2020 година во 13.05 часот, на мобилниот број од неговиот брат, испратил порака дека е киднапиран од непознати лица, кои барале пари за негово ослободување. По целосно документирање на настанот, СВР Охрид ќе поднесе кривична пријава за лажно пријавување на кривично дело.

На 17.04.2020 во 07.15 часот во Полициска станица Виница, Б.Б.(59) од с.Блатец, вработен како свештеник во црквата „Св.Јован Крстител" во с.Лески пријавил дека на 16/17.04.2020, во периодот од 06.00 до 07.00 часот, непознато лице насилно влегло во црквата и одзело пари. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициска станица Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 15.55 часот на ул.„Влатко Миленковски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода М.М.(62) од Битола, по пријава на Б.М.(28) од Битола, според која околу 14.50 часот, додека била со нејзината сестра Е.Р. во семејниот дом на ул.„Влатко Миленковски", започнале расправија со нејзиниот свекор М.М., кој бил во алкохолизирана состојба, при што тој се однесувал агресивно и со нож и упатил закани по нејзиниот живот. За настанот е известен Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.04.2020 во 14.24 часот во СВР Штип, И.С. од с.Црвулево, Општина Карбинци, пријавил дека над с.Црвулево имало ископани коски. Полициски службеници од СВР Штип излегле на местото на настанот и констатирале дека во период од 15/17.04.2020 од 22.00 до 01.00 часот, во два наврата, непознато лице на археолошки локалитет, на место викано „Црвулевско теке", извршило три ископи, при што до еден од ископите на површината биле забележани човечки коски, кои датираат од постар временски период. За настанот е запознаен Завод и музеј Штип и Јавен обвинител. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 22.00 часот во Полициско одделние Групчин било пријавено дека во с.Стримница, тетовско, Б.Р.(23) од с.Стримница, додека бил заедно со неколку лица во објект во изградба, сопственост на Ќ.И. од с.Стримница, паднал и се повредил. Повреденият бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа при СВР Тетово.

На 17.04.2020 во 13.50 часот во СВР Скопје, А.Р.(21) од Скопје, пријавил дека во 13.10 часот во парк пред угостителски објект на ул.„Самоилова", поради нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 19.10 часот во СВР Скопје, Г.К.(48) од Скопје пријавила дека околу 18.30 часот во продажен објект на ул.„Војмија" во Скопје, непознато лице насилно влегло и одзело пари. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 13.30 часот во СВР Скопје, Ј.Б.(25) од Скопје пријавила дека околу 11.30 часот на паркинг пред продажен објект на ул.„Македонско-косовска бригада" во Скопје, по претходна расправија, била физички нападната од Б.А.(23) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 17.04.2020 во 20.45 часот во СВР Скопје, Л.Н.(56) од Скопје пријавила дека околу 20.00 часот пред куќа на ул.„Козле" во Скопје, по претходна расправија, била физички нападната од З.К.(47) и навредувана од Д.К., двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 и чл. 6 од ЗППЈРМ.

На 17.04.2020 во 20.00 часот во СВР Охрид, Б.С.(47) од Охрид пријавил дека околу 16.00 часот на патот с.Злести - с.Лешани, по претходна расправија, бил физички нападнат од З.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 10.52 часот во СВР Битола, Х.Д.(65) од Битола пријавил дека околу 10.30 часот на Градскиот пазар во Битола бил физички нападнат од А.К.(35) од Битола. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 17.04.2020 во 11.46 часот во СВР Битола, К.А.(29) од Демир Хисар пријавил дека околу 11.30 часот, пред продажен објект на ул.„Широк Сокак" во Битола, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу пријавителот и К.М.(22) од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.04.2020 во 23.19 часот во Полициска станица Штип, Р.Д.(41) од Штип пријавил дека од семејниот дом на ул.„Косовска" во Штип се оддалечила неговата ќерка Д.Ф.(17) од Штип за која, според пријавеното, се претпоставува дека заминала со А.Н. од с.Василево, струмичко. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.04.2020 во 03.30 часот во Полициска станица Кочани, Л.К. пријавил дека околу 03.00 часот непознато лице насилно влегло во црквата „Св. Димитрија" во с.Зрновци, кочанско, но бидејќи се вклучил алармот, истото го напуштило местото. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кочани.

На 16.04.2020 во 12.30 часот во Одделение за внатрешни работи Делчево, 29-годишна жителка на Делчево пријавила дека К.Ѓ.(25) од с.Лаки, виничко, извршил обљуба врз нејзината малолетна керка. К.Ѓ. е лишен од слобода, а за настанот е запознаен Јавен обвинител, изготвена е кривична пријава и пријавениот е изведен пред судија на претходна постапка.

На 16.04.2020 во 23.30 часот во СВР Велес било пријавено дека настанал пожар на метален ормар за струјомери на ул.„Бл.Страчковски", сопственост на ЕВН. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Велес. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 17.04.2020 во Гостивар полициски службеници од Полициска станица Гостивар ги лишиле од слобода Б.Ќ.(30) и А.Ц(33), двајцата од Гостивар, бидејќи во 14.40 часот во Полициска станица Гостивар, Д.Ј.(29) од Гостивар пријавила дека околу 11.00 часот пред продажен објект на ул.„ЈНА" во Гостивар, поради претходно недоразбирање, била физички нападната од пријавените. По целосно документирање на случајот, против пријавените ќе биде поднесен соодветен поднесок.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет